Тодор ЧЕПРЕГАНОВ

# ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ ВО БРИТАНСКАТА И ВО АМЕРИКАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Интересот на Велика Британија спрема настаните во Македонија во текот на Втората светска војна започнува од средината на 1943 година кога британската разузнавачка служба за специјални операции (СОЕ) барала начини како да уфрли свои мисии на територијата на Македонија. Првите претставници на британските воени мисии на територијата на Македонија пристигнуваат во почетокот на октомври при Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. Нивната основна задача, според упатствата што ги добиле од своите претпоставени, била да помогнат во испраќањето воена помош на единиците на НОВ и ПО на Македонија, кои се бореле против силите на Оската. Според документацијата, тие немале никакви овластувања да учествуваат во какви било политички разговори за состојбата или за иднината на Македонија. Поголемиот број членови на мисиите се придржувале кон оваа наредба. Но, колку и да сакале да останат надвор од политичките инволвирања, самата состојба во Македонија ги принудила некои од шефовите на мисиите во Македонија, Милер и Мекдоналдс, да се осврнат и на политичките планови што ги искажувале македонските политички и воени раководители. Пред сè, нивниот интерес бил насочен кон прашањата што навлегувале во сферата на загрозување на британските интереси на Балканот. Како такви ги сметале прашањата за обединување на Македонија, за југословенско-бугарска федерација, за јужнословенска федерација и балканска федерација. Реализирањето на која било од овие опции без вклучување на Грција ги загрозувало британските интереси. Од тие причини, британските претставници во воените мисии со големо внимание ги следеле настаните што се однесувале на горенаведените опции за иднината на Македонија. Поради тоа и одржувањето на Првото и Второто заседание на АСНОМ предизвикало особено внимание кај шефовите на британската и на американската воена мисија.

На Првото заседание на АСНОМ, по говорот на Панко Брашнаров, биле прочитани поздравни телеграми упатени до Првото заседание од претседателот на Националниот комитет на Југославија Јосип Броз Тито, од претседателот на АВНОЈ д-р Иван Рибар, од претседателството на ЗАВНОХ, од претседателството на Словенечкиот НО совет, од претседателството на црногорската Антифашистичка скупштина на народното ослободување и од Главниот штаб на НОВ и ПО на Србија.

Исто така, Панко Брашнаров ги прочитал поздравните телеграми упатени до повеќе тела и државници: до врховниот командант на Црвената армија Јосиф Висарионович-Сталин, до претседателот на Обединетото Кралство Винстон Черчил, до претседателот на Соединетите Американски Држави Франклин Делано Рузвелт, до претседателот на НКОЈ Јосип Броз Тито, до македонската емиграција во Америка и др. Меѓу другите, биле упатени поздрави и до „мајорот Дикинсон и мајорот Сричка", делегати на англиската и на американската воена мисија при Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. Во упатениот поздрав било нагласено: „Среќен сум што можам во вашето лице да (ги) поздравам нашите големи сојузници: Америка и Англија, од името на нашето прво Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Молам ве да бидете толкователи на нашата признателност спрема народите на Англија и Америка за помошта што (ни) ја они дават во оражје и материјали, во заедничката ни борба против општиот непријател - германскиот фашизам и неговите сателити. Ние со удивление гледаме на геројската борба на вашите народи и сметаме оти сојузот на сите слободољубиви народи во скоро време ќе донесе слобода и мир на човечеството".[1] На Заседанието биле присутни сите британски воени мисии што се наоѓале на територијата на Македонија, а исто така и американската воена мисија, која пристигнала во почетокот на јули 1944 година со Дикинсон како шеф на мисиите.

Од името на американската и англиската воена мисија отпоздравил мајорот Сричка: „Ја сакам да проговорам неколку думи од името на присутните американска и англиска воени мисии. Нас не многу весели што сме заедно со вас. Радуе е не што можеме да ви пружиме што повеќе оражје и военен материјал за уништувањето на Хитлер и неговите помагачи.

„Големите и херојските партизански борби во Југославија под водство на Маршал Тито, познати са на англискиот и американскиот народ. Исто така, познато е оти македонскиот народ, под водство на Главниот штаб на чело со генерал Апостолски, зима важно место во овие борби.

„И нашите народи водат борби на западниот и италијанскиот фронт, а хиљадници аероплани учествуват во борбите по сите фронтови и (ги) уништожуват германските градови. Со сојуз со Советска Русија ние секи ден сме поблизу до победата".[2] Од самиот поздрав на британскиот претстставник сосема е очигледно дека во неговите зборови, освен за воениот придонес на единиците на НОВ и ПО на Македонија кон задничката цел уништување на силите на Оската, не се споменуваат никакви политички опции. Британскиот претставник дословно се држел до наредбите на своите претпоставени.[3]

---

[1] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Документи за озбразувањето и законодавно извршната дејност на АСНОМ од Преспанското советување на ЦК КПМ до Првото вонредно заседание на АСНОМ (2. VIII. 1943 - 28/30. XII. 1944), Скопје, 1964., 197.

[2] Исто, 199.

[3] На 4 август британската воена мисија Conserve упатила телеграма до Force 399, во која истакнува: „Масовен политички собир е одржан ... во минатите два дена". Се истакнува дека бил

Познато е дека на Првото заседание на АСНОМ се донесени одлуки, со кои се поставиле темелите на македонската држава како една од федералните единици во федеративна Југославија. АСНОМ се прогласил за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт во федерална Македонија.

Откако добил таква функција во системот на народната власт, била одредена и содржината на работата и улогата што требало да ја има Президиумот. Веднаш по формирањето, Президиумот на АСНОМ ги презел прерогативите на привремена влада и започнал да функционира.

Членовите на воените мисии, особено Сричка и Дикинсон, на самото место се увериле за големиот ентузијазам и свест, со која биле поставени темелите на македонската држава како составен дел од југословенската федерација. Особено внимание кај нив предизвикал делот на Манифестот обнароден од АСНОМ, со кој пред целиот свет било прокламирано барањето за „обединување на целиот македонски народ врз принципите на правото на самоопределување“.[4]

Самото барање за обединување како и фактот на формирање на македонската држава како федерална држава во рамките на југословенската федерација го актуелизирало македонското прашање пред британскиот политички врв, а особено по примањето на првата информација.

Првата официјална информација за одржувањето на Првото заседание на АСНОМ Британците ја добиле на 15 август 1944 година преку радиостаницата „Слободна Југославија“, а првиот пишан документ е примен на 18 август 1944 година во Бари, датиран од 16 август 1944 година од „македонските партизани“. Тој бил упатен до британскиот премиер Винстон Черчил, а бил потпишан од Методија Андонов-Ченто, претседател на Антифашистичкото собрание на Македонија и од Митар Бакиќ, шеф на кабинетот на Ј. Б. Тито.[5]

---

избран совет на привремената влада на Македонија“ до организирање на општи избори“. Се истакнува дека за претседател бил избран Методија Андонов - Ченто. Исто така се истакнува дека биле присутни сите воени мисии. Велика Британија и Македонија. Документи 1942 - 1945. Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов. Државен Архив на Република Македонија, Матица Македонска, Скопје, 2000.,211.

Во својот извештај од ноември 1944 година капетанот Ламби, британски офицер за врски, истакнува: „На 2 август во еден православен српски манастир на реката Пчиња на Козјак, беше одржан состанок на партизаните за да се избере народна влада на Македонија и за обнародување на декларација за македонската автономија. Сите беа многу радосни и воодушевени и телеграмите со Черчил, Рузвелт, Сталин, Тито воодушевено беа поздравени. Ченто, Македонец од Прилеп кој дојде од партизанскиот Г/лавен/ ш/таб/ беше избран за претседател“. Исто., 353.

[4] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание..., 259-270.

[5] Во телеграмата се истакнува: „Делегатите на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија Ви ги испраќаат Вам и преку Вас на народите на Велика Британија нивните искрени борбени поздрави. Во овие три години, во кои тие заедно со народите на Југославија водеа војна против Хитлеровиот фашизам и нивните сојузници на Балканот, народот на Македонија му ја покажа на целиот свет неговата желба да живее како слободна и еднаква нација во слободна демократска федеративна Југославија. Народот на Македонија уште повеќе отколку што направи досега ќе ги вложи сите свои сили за конечно ослободување на нивната татковина Југославија. ФО 371/43665 ХП 00643 Р 12920/12920/67.

Информацијата самата по себе предизвикала вознемиреност кај британските политички кругови. Во првиот момент тие не можеле да сфатат за „која“ Македонија станувало збор. По меѓусебните консултации можеле да констатираат дека „изгледа сосема јасно дека 'Маке-донија' за која станува збор е југословенска Македонија“. Но она што посебно ги загрижувало била можноста „југословенско-македонските партизани да постават барања во однос на делови на територијата на Грција, Бугарија и Албанија од пред 1941 година за нивна независна Македонија“.[6] Во својата основа таквата опција, имајќи го предвид развојот на настаните во Грција, ги загрозувала британските интереси. Од тие причини, Министерството за надворешни работи на Велика Британија на 20 август испратило телеграма до министерот-ресидент на централниот Медитеран во Казерта, Макмилан, предупредувајќи го во случај „ако Првиот министер[7] одлучи да одговори на ова порака, јас би сакал тоа да биде во форма на едноставна потврда за прием“ поради тоа што „нашата помош на партизанското движење не ги вклучува во себе, во сегашнот момент, Титовите шеми за една автономна Македонија, и ништо освен потврда за прием може да ги охрабри локалните Македонци да веруваат дека нивните политички цели, очигледно од нивниот отпор спрема непријателот, ја уживаат помошта на британската влада“.[8] По овие сугестии, на 23 август 1944 година како резултат на добиеното предупредување, од британското претставништво во Рим била испратена телеграма од сер Н. Чарлс до Министерството за надворешни работи на Велика Британија, во која им се давало на знаење дека „Првиот министер предлага да не (повторувам не) се одговори на пораката од Антифашистичкото собрание на националното ослободување на Македонија од овде и би бил благодарен ако Вие испратите потврда за прием на истата во негово име“.[9] По добиената директива, на 24 август 1944 година Министерството за надворешни работи се обратило до британскиот претставник Брод од Бари со телеграма да го замоли бригадирот Маклин да испрати „потврда за прием“ на упатената телеграма од Претседателот на АСНОМ.[10] Со тоа, на политичкото раководство на НОВ и ПО на Македонија недвосмислено му било предочено дека Велика Британија ги поздравува воените активности на македонските воени единици, но дека политички, додека не заврши војната, воопшто не сака да дава какви било коментари. Меѓутоа, со самиот факт што пред британската дипломатија било отворено прашањето за обединување на Македонија, како феникс воскреснало македонското прашање, кое можело да го наруши status quo-то на Балканот, за кое најмногу се залагала Велика Британија.

По Заседанието раководителите на британските мисии во Македонија биле задолжени постојано да го известуваат британскиот раководител на

[6] Ibidem.
[7] Во тој временски период британскиот премиер Винстон Черчил се наоѓал во Италија.
[8] FO 371/43665 HP 00643 R. 12920/12920/67.
[9] FO 371/43665 HP 00643 R. 13150/12920/67
[10] FO 371/43665 HP 00643 R. 13306/12920/67.

мисиите во Југославија Фицрој Маклин за сите изјави и постапки на македонското политичко и воено раководство што не биле во согласност со политиката на централната влада во Белград, а кои во основа ги загрозувале британските интереси.

Во тој контекст, интересен е односот на раководителите на британските воени мисии во Македонија кон Второто заседание на АСНОМ.

Одржувањето на Второто заседание на АСНОМ се случувало во времето кога се воделе интензивни преговори за федерација меѓу Југославија и Бугарија и во ситуација кога македонското политичко и воено раководство покажувало интерес и преземало активности, кои во својата суштина го навестувале отстапувањето од политиката на централната влада во Белград.[11]

Политиката водена за осамостојување на Македонија не влегувала во шемата за идната проекција на нова Југославија. Ако по ослободувањето на Македонија Тито дозволил националните појави на македонскиот народ да дојдат до полн израз со една единствена цел да им угоди на Македонците, имајќи ја предвид суетата и чувствителноста на самите Македонци за македонското национално прашање, кон крајот на 1944 година таа политика за централата во Белград почнала да прима загрижувачки размери. Кваквата активност во Македонија пред сè не одела во прилог на веќе изградената Титова стратегија во однос на идното уредување на Југославија. Примарна задача што ја поставил Тито уште во текот на војната било прашањето за обединување на териториите што беа под италијанска окупација (Истра, Јулиска Краина, Трст), а прашањето за обединување на Македонија сметал дека не требало да се поставува „акционо". Според него, решавањето на тоа прашање требало да биде поставено на мировна конференција по победата над фашизмот.

Со цел да ја насочи политиката на македонскиот политички врв во саканиот правец за да нема ниту внатрешни ниту надворешни проблеми, претседателот на НКОЈ како свој претставник на Второто заседание на АСНОМ го испратил Едвард Кардељ, потпретседател на НКОЈ и член на ВШ на НОВ и ПО на Југославија.[12] Неговото присуство како и присуството на другите претставници од Србија како да имало една единствена цел: давање целосна поддршка на политиката на централната влада во Белград со игнорирање на

[11] На 23 и 28 ноември 1944 ГШ на НОВ и ПО на Македонија го запознал НКОЈ со економската состојба во Македонија и предлагал да се одобри трговија со СССР, Грција и со Бугарија со користење на резервите од тутун и оловна руда. Претседателот на НКОЈ Јосип Броз Тито одговорил на 2 декември со барање акцијата за воспоставување трговски врски да причека додека во Македонија не пристигне Андрија Хебранг, повереник за трговија, за да се договореле следните чекори што требало да се преземат. Во прилог на ова говори и податокот што непосредно по ослободувањето на Македонија се одвивал процес на непречена комуникација меѓу Бугарија и Македонија. Дозволи за заминување во Бугарија издавал ГШ на НОВ и ПО на Македонија, но на 17 декември 1944 претседателот на НКОЈ испратил телеграма до ГШ на НОВ и ПО на Македонија со која се забранувало издавање дозволи на поединци за одење во Бугарија „поради снабдување и промена на пари". Јосип Броз Тито, Собрани дела, т. 25, 76 и 278.

[12] Како претставници од Србија на заседанието присуствувале Светозар Вукмановиќ-Темпо, д-р Благоја Нешковиќ, Михајло Ѓуровиќ и Ранко Пешиќ.

македонските национални интереси.[13] Сите говорници и дискутанти во однос на рефератот на претседателот на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов-Ченто: Едвард Кардељ, Светозар Вукмановиќ-Темпо и другите со целиот свој жар ја манифестирале приврзаноста на Македонија кон југословенската федерација. Постапките на државата, чија политика ја застапувале Кардељ и Темпо, на Заседанието се прикажувале како несебичен и великодушен чин, со кој на македонскиот народ му се предочувало дека секоја политика што не би била во рамките на југословенската би била катастрофална за македонскиот народ. Сè било режирано за да се прикаже дека иднината на македонскиот народ е само во рамките на федеративна Југославија.

Не може да се одбегне заклучокот што се наметнува од постојната документација дека на Второто заседание на АСНОМ слободата на мислењето и јавниот збор им била подредена на повисоки интереси, интереси што биле во спротивност со изразената волја на македонскиот народ да живее обединето. Едвард Кардељ во својот поздравен говор, кој бил подолг и од рефератот на претседателот на Президиумот на АСНОМ, ги изнел рамките во кои е можно опстојувањето на македонската државност. Во поголемиот дел од текстот на говорот како да се настојувало да се прикаже македонската импотентност во водењето на сопствената политика во самостојна Македонија. Во поздравниот говор посебно го нагласил опстојувањето на Македонија само во „јака Југославија" што било предуслов за „среќна Македонија без страв за својата слобода и независност", дека „слободна и рамноправна Македонија тоа е најцврстиот столб на Југославија...нема слобода на ниеден наш народ без нашето единство".[14] Уште поостар во својот настап бил Светозар Вукмановиќ-Темпо, кој посебно се осврнал на опасноста што им се заканувала на народите на Југославија, олицетворена во „шовинистичко-сепаратистичките тенденции што се покажуваат во разните делови на нашата земја", а со една единствена цел да се ослаби „една моќна, една голема Југославија која би била важен фактор на Балканот, во Средна Европа, која би била заштитник на славјанството на Балканот, која би била моќна пречка на секој империјалистички чекор на Балканот". Како тоа да не било доволно, Темпо сосема отворено им укажал на присутните за очебијните чекори што се преземаат во Македонија „за разлабавување на централната власт" и ја изнел неговата неодмерена констатација дека „секој си ја чува својата прчварница, а не гледа дека ни е неопходна цврста власт во Југославија, цврста власт во Македонија".[15]

---

[13] Второто заседание на АСНОМ се одржало од 28 до 30. XII 1944 во Скопје. На него присуствувале покрај делегати од Македонија и гости од Бугарија (Добри Терпешев, претставник на владата на Татковинскиот фронт на Бугарија и на БРП(к), Иван Харизанов, претставник на Националниот комитет на Татковинскиот фронт на Бугарија, Атанас Атанасовски, претставник од делот на Македонија под Бугарија, Христо Калајџиев, претставник на македонската емиграција во Бугарија, Пецо Трајков и Филип Велков-Славјански претставници од делот на Македонија под Грција, од Црна Гора Обрад Цицин, член на АСНОЦГ како и шефовите на воените мисии во Македонија, мајорот Инков (СССР), мајорот Дикенсон (САД) и мајорот Милер (Велика Британија).

[14] Нова Македонија, 3. I 1945, г. II, бр. 28.

[15] Исто. Исклучок од целокупната шаблонизираност на Заседанието прават говорите на претставниците од делот на Македонија под Бугарија и Грција. Очигледна била нивната

Ваквиот развој на настаните на Заседанието со посебно внимание бил следен од страна на раководителите на воените мисии, британската и американската. Од текот на Заседанието особено бил задоволен британскиот претставник. Импресиите од него мајорот Милер ги доставил веднаш по неговото завршување до координаторот на мисиите во Југославија Фицрој Меклин. Тој на 3 јануари 1945 година подготвениот извештај го доставил до британското Министерство за надворешни работи. Неговите експерти по анализата на пристигнатата информација не го криеле своето задоволство од сознанието дека на Заседанието било „заобиколено контраверзното македонското прашање“,[16] а посебно што Кардељ во говорот не се осврнал на идејата за формирање јужнословенска федерација на поширока основа. Нивниот заклучок бил недвосмислен дека на Заседанието победила линијата, со која било утврдено дека „Македонија дефинитивно ќе остане дел од Југославија“.[17]

Британските аналитичари се осврнале и на присуството на Едвард Кардељ на Заседанието, кое за нив не било случајно. Неговото присуство, според анализите, имало цел да ја „осигура крутата верност кон партиската линија“ и покрај тоа што тоа на Заседанието се настојувало да се наметне „умерено и внимателно“.[18] Тие не го криеле и своето задоволство од „внимателното споменување на Грција“ на Заседанието.[19] Во упатената поздравна телеграма од Заседанието[20] до британскиот премиер В. Черчил, експертите на Министерството за надворешни работи на Велика Британија сугерирале, исто како и за време на Првото заседание на АСНОМ, одговорот да биде доставен преку

ослободеност од едно шаблонизирано настапување и несомнено пресијата која била извршена врз одделни личности од политичкиот живот на Македонија за да се придржуваат кон линијата на централата. Претставниците од овие делови на Македонија сосема слободно ги изразиле своите чувства, што несомнено коинцидирале со оние и на самите Македонци. Пецо Трајков, како претставник од делот на Македонија под Грција кој целиот свој живот и го посветил на борбата за обединување на Македонија, под импресија на она што се случувало на Заседанието, федерална Македонија во рамките на федеративна Југославија со неспоменување на останатите делови на Македонија, во својот говор во еден момент ќе извикне: „Зар геројското Леринско, Костурско, каде се разгоре таа највеличава епопеја во нашата историја Илинден, Воден кој ги роди најубавите борци, Кукуш градот на нашите апостоли Гоце Делчев, на нашиот водач и првоборец Димитар Влахов, зар Пиринска Македонија на учителот и другарот Јане Сандански, зар тие македонски земји ќе ги заборавите. Не, треба да се присоединиме и ние кон вас, кон слободна демократска Македонија во рамките на Титова Југославија и никој не може да ни го земе тоа право“. И Атанас Атанасовски, од делот на Македонија под Бугарија истакнал дека „целиот македонски народ сака што поскоро да дојде блажен час кога ќе се соединиме со нашите браќа во Македонија во Титова Демократска Федеративна Југославија и да заработиме со сите свои сили за изградување на слободна и обединета Македонија“. „Истото се барало и во поздравното писмо од Македонско-одринските доброволни друштва во Бугарија чиј претседател бил Ангел Динев. Единствено Димитар Влахов во дискусијата по рефератот на АСНОМ на крајот од своето излагање го потенцирал правото на македонскиот народ на обединување и дека тоа право не може никој да му го одрече. Исто.

[16] FO 371/48181 HP 00297 R 136/II/67.

[17] FO 371/48181 HP 00297 R 310/11/67.

[18] Исто.

[19] FO 371/48181 HP 00297 R 555/11/67.

[20] FO 371/48181 HP 00297 R. 1222/11/67.

Меклин до Тито од името на Черчил со нагласување одговорот „да не оди над она што значи прием и збор на благодарност“.[21]

Првата информација за Второто заседание од американскиот претставник во Македонија била испратена на 11 јануари 1945 година и во неа биле набележани само избраните членови на АСНОМ.[22] Во извештајот не постои никаков коментар за тоа што се случувало на Заседанието. Од истиот датум е и информацијата, во која се пренесува изјавата на Димитар Влахов за она што се дискутирало на Заседанието. Во неа единствено се истакнува дека главни теми биле: „а) Унификација и консолидација на различните елементи од населението во Македонија; б) ликвидирање на „внатрешниот непријател“ и в) зголемување на македонските вооружени сили“.[23] Тое се единствените документи, со кои располагаме во моментов, испратени од американските известувачи за одржувањето на Второто заседание на АСНОМ.

## ЕПИЛОГ

Формирањето на федерална Македонија во рамките на федеративна Југославија беше единствената и крајна опција, која беше прифатлива за британскиот политички врв. Тоа на претседателот на НКОЈ Јосип Броз Тито му беше соопштено од страна на Фицрој Меклин. Ентузијазмот изразен во одлуките на Првото заседание на АСНОМ за обединување на сите три дела на Македонија на Второто заседание на АСНОМ беше осуден како „сепаратизам“ неприфатлив за југословенскиот политички врв. По Второто заседание сите тие што се залагаа за обединета, независна и самостојна македонска држава беа осудени и завршија или на мермерот на Голи Оток или во затворите низ Македонија.

[21] Исто.

[22] PRO WO 202/256

[23] PRO WO 202/256